**Декларација за отворено владино партнерство**
септември 2011 година

Како членки на **Отворено владино партнерство**, посветени на принципите втемелени во Универзалната декларација за правата на човекот, Конвенцијата на ООН против корупција и други меѓународни инструменти поврзани со човековите права и доброто владеење:

**Признаваме** дека луѓето низ целиот свет бараат поголема отвореност на властите. Тие повикуваат на поголемо граѓанско учество во јавните прашања и бараат начини да ги направат своите власти потранспарентни, поодговорни, поотчетни и поефективни.

**Свесни сме** дека земјите се наоѓаат во различни фази на нивните напори за унапредување на отвореноста на властите и дека секој од нас следи пристап усогласен со нашите национални приоритети и околности и со аспирациите на нашите граѓани.

**Ја прифаќаме одговорноста** да го искористиме овој момент за да ја зајакнеме нашата посветеност на унапредувањето на транспарентноста, борбата против корупцијата, инспирирањето на граѓаните и искористувањето на моќта на новите технологии за властите да се направат поефективни и поотчетни.

**Ја поддржуваме вредноста** на отвореноста на нашиот ангажман со граѓаните за да ги подобриме услугите, да управуваме со јавните ресурси, да ги унапредиме иновациите и да создадеме побезбедни заедници. Ги прифаќаме принципите на транспарентност и отворени власти заради постигнување поголем просперитет, добросостојба и човечки дигнитет во нашите земји и во сè повеќе поврзаниот свет.

Заедно, ја искажуваме нашата посветеност на:

**Зголемување на достапноста на информации за владините активности.** Властите прибираат и чуваат информации во име на луѓето, а граѓаните имаат право да бараат информации за владините активности. Се обврзуваме на унапредување на зголемен пристап до информации и објавување на владините активности на секое ниво на власта. Се обврзуваме да ги зголемиме нашите напори за систематско прибирање и објавување на податоците за владините расходи и работењето за основните јавни услуги и активности. Се обврзуваме проактивно да обезбедуваме високо вредни информации, вклучувајќи и необработени податоци, навремено и во формат во кој јавноста може лесно да ги лоцира разбере и користи и во формати што овозможуваат повеќекратно користење. Се обврзуваме да обезбедиме пристап до ефикасни лекови кога информациите или соодветната евиденција се задржуваат на несоодветен начин, вклучувајќи и преку ефективен надзор на процесот на одлучување. Ја признаваме важноста на отворените стандарди за да го унапредиме пристапот на граѓанското општество до јавните податоци, како и да ја олесниме интероперабилноста на системите на владини информации. Се обврзуваме да бараме повратни информации од јавноста за да утврдиме кои информации и се

највредни и се обврзуваме тие повратни информации да ги земеме предвид во најголема можна мерка.

**Поддршка на учеството на јавноста.** Го вреднуваме учеството на сите луѓе во одлучувањето и во формулирањето на политиките, еднакво и без дискриминација. Јавното ангажирање, вклучувајќи го и целосното учество на жените ја зголемува ефективноста на властите кои ги користат знаењата, идеите и способноста на луѓето да обезбедат контрола. Се обврзуваме да ги направиме потранспарентни формулирањето на политиките и одлучувањето, создавајќи и користејќи канали за добивање информации од јавноста и за продлабочување на учеството на јавноста во развојот, следењето и оценувањето на владините активности. Се обврзуваме да ја заштитиме способноста непрофитните и граѓанските организации да работат на начини усогласени со нашата посветеност на слободата на изразување, здружување и мислење. Се обврзуваме да создадеме механизми за да овозможиме поголема соработка помеѓу властите и организациите на граѓанското општество и бизнисите.

**Спроведување на највисоки стандарди за професионален интегритет во нашата администрација.** Отчетните власти бараат високи етички стандарди и кодекси на однесување за јавните службеници. Се обврзуваме да имаме робусни антикорупциски политики, механизми и практики, обезбедувајќи транспарентност на управувањето со јавните финансии и владините набавки и зајакнувајќи го владеењето на правото. Се обврзуваме да одржуваме или да воспоставиме законска рамка за да ги објавиме информациите за приходите и имотот на националните, високо позиционирани јавни функционери. Се обврзуваме да донесеме и да спроведеме правила со кои ќе ги заштитиме разоткривачите. Се обврзуваме да ги објавиме информациите за активностите и ефективноста на нашите тела за спречување на корупцијата и за спроведување на законот како и процедурите за претставки до тие тела, почитувајќи ја доверливоста на конкретните информации за спроведувањето на законот. Се обврзуваме да ги зајакнеме механизмите за спречување на митото и другите форми на корупција во јавниот и во приватниот сектор како и да ги споделиме информациите и искуствата.

**Зголемување на пристапот до нови технологии за отвореност и отчетност.** Новите технологии нудат можности за споделување информации, за учество на јавноста и за соработка. Имаме намера да ги искористиме овие технологии за да објавиме повеќе информации на начини што ќе им овозможат на луѓето да разберат што работат нивните власти како и да влијаат врз одлуките. Се обврзуваме да развиеме достапни и сигурни интернет простори како платформи за испорака на услугите, ангажирање на јавноста и за споделување на информациите и на идеите. Признаваме дека еднаквиот и достапниот пристап до технологијата е предизвик и се обврзуваме да бараме се поголема интернет и мобилна поврзаност, истовремено утврдувајќи ја и унапредувајќи ја употребата на алтернативни механизми за граѓанско ангажирање. Се обврзуваме да ги вклучиме граѓанското општество и деловната заедница во утврдувањето на ефективни практики и иновативни пристапи за искористување на новите технологии за давање моќ на луѓето и унапредување на транспарентноста на властите. Исто така признаваме дека сè поголемиот пристап до технологијата опфаќа поддршка на способноста на властите и на граѓаните за нејзино користење. Се обврзуваме да ја поддржиме и да ја развиеме употребата на технолошките иновации како од владините службеници така и од граѓаните. Исто така разбираме дека технологијата е дополнување, а не замена на јасните, употребливи и корисни информации.

Признаваме дека отворените власти се процес што бара тековна и постојана посветеност. Се обврзуваме јавно да известуваме за активностите преземени за реализирање на овие принципи, да се консултираме со јавноста за нивното спроведување и да ја обновуваме нашата посветеност во светлината на новите предизвици и можности.

Се обврзуваме да водиме преку пример и да придонесуваме во напредокот на отворените власти во други земји преку споделување на најдобрите практики и искуства и преку преземање на обврските искажани во оваа декларација на незадолжителна, доброволна основа. Нашата цел е да ги поттикнеме иновациите и да го охрабриме напредокот, а не да дефинираме стандарди што ќе се користат како предуслов за соработка, помош или рангирање на земјите. Ја потенцираме важноста на унапредувањето на отвореноста на сеопфатниот пристап и достапноста на техничката помош за поддршка на градењето на капацитетите и на институциите.

Се обврзуваме да ги усвоиме овие принципи во нашите меѓународни ангажмани и да работиме на поттикнувањето на светската култура на отворени власти што ги овластува и испорачува за граѓаните и ги унапредува идеалите за отворени и партиципативни власти на дваесет и првиот век.